СЕЗОНА 2014/2015
Правила на игра за детска лига 2003(04)-2004(05)

1. Сите натпревари се играат по модернизирани правила за голем фудбал на дел од половина терен со природна трева со максимални димензии 60x40m, со големина на голови од 5x2 метри.

2. Натпреварот трае 40 минути,(2 x 20 минути). По истекот на секои 20 минути се оди на полувреме во времетраење од 15 минути.

3. Натпреварот има право да го започнат 15 играчи и тоа 6 играчи плус голман во поле и 8 резервни играчи. Измените на играчите се по стадардна процедура, каде веќе излезениот играч нема право на настап повторно на истиот натпревар. Дозволени се максимален број на измени.

4. Топката го напуштила просторот за игра кога преоѓа преку линијата со целиот свој обем, топката ќе биде вратена во игра со уфрлување со рака во правец на местото каде што излегла надвор од теренот.

5. При изведување на директни и индиректни удари оддалеченоста на играчот од топката не смее да биде помала од 5 метри.

6. Казнетиот удар (пенал) се изведува од 6 метри, а сите играчи мора да бидат надвор од казнетиот простор.

7. Доколку играчот на својот голман ја врати топката со нога и со намера а голманот ја прифати со раце индиректниот удар се изведува од местото каде голманот ја прифатил топката.

8. Доколку одбранбениот играч последен игра со топката а топката ја прејде гол-аут линијата, противничката екипа изведува удар од аголот.

9. Голманот кој ја фаќа топката во своите раце не смее да изврши т.н. дегажирање на топката во противничката половина.

10. Гол постигнат директно од почетен удар не важи.

11. Сите играчи наведени во записникот мора да настапат во еднообразна опрема (дрес, шорц, штуцни и штитници). Играчите кои ја немаат пропишаната опрема немаат право за настап.

12. Играчите заведени во записникот е препорачано да настапат во текот на натпреварот што е регулирано во овие правила.

13. Доколку еден играч во текот на натпреварувачката сезона добие 4 жолти картони се казнува со забрана за настап на еден натпревар. Казната стапува на сила на првиот нареден натпревар на степенот на натпреварување во кој играчот ги добил картоните.

14. Доколку играчот после издржаната казна повторно добие жолт картон ќе се казни со забрана за настап на првиот нареден натпревар т.е. секој нареден жолт картон автоматски значи забрана за настап на секој нареден натпревар.

15. Доколку играчот биде исклучен од натпреварот (црвен картон) висината на казната ќе ја одреди органот за натпреварување во детските лиги на својот прв состанок. До тогаш, играчот по автоматизам има забрана на настап на следниот натпревар(минимум еден натпревар).

16. На сите натпревари без исклучок се применува правилото за трет корнер – скратен корнер при чија примена се употребува средишната линија на теренот.